Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на ден од дневни настани 15.10.2022

Денеска(15.10.2022) во 09.30 часот на бул„„Србија" во Скопје, полициски службеници ЕВР Кисела Вода – Одделение за криминалистички работи и ЕВР Аеродром и Драчево – Одделение за криминалистички работи го лишиле од слобода Ф.К.(31) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница со наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување затворска казна. Лицето ќе бде спроведено во надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 14.10.2022 во 10.20 часот во с. Неготино, гостиварско, лишени од слобода се тројца малолетници од с.Сенаово, гостиварско. Тие се сомничат дека во текот на денот во с.Сенокос одделе патничко возило „опел вектра", сопственост на И.Б. Возилото било пронајдено и вратено на сопственикот, а лицата биле приведени во полициска станица. По целосно документирање на случајот против лицата ќе бидат поднесени соодветен поднесок.

На 14.10.2022 во 19.50 часот во с. Неготино, гостиварско, од слобода бил лишен Т.В.(36) од с.Неготино. При извршен претрес по судска наредба во неговиот дом била пронајдена и одземена автоматска пушка. По целосно документирање на случајот против него ќе бидат поднесена соодветна пријава.

Денеска (15.10.2022) во периодот од 00.00 до 04.00 часот од страна на секторите за внатрешни работи и патролни тимови составени од полициски службеници од Одделот за униформирана полиција, спроведена е акциска контрола во во угостителски објекти на територијата на цела држава. При контролата, приведени се дде лица, Д.Р.(20) од Велес затоа што кај него била пронајдена марихуана и дигитална вага и С.П.(18) од Скопје затоа што се однесувала агресивно кон полициските службеници. Затекнати се девет малолетни лица во угостителски објекти после 00.00 часот и осум лица кои не поседувале документ за лична идентификација. За сите констатирани прекршоци ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 14.10.2022 во 16.45 часот на ул.„ Народни Херои" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Т.(36) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе бде поднесен соодветен поднесок.

На 14.10.2022 во 21.50 час на ул„Карпалак" во Прилеп, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола – ОВР Прилеп ги лишиле од слобода Г.С.(22), А.М.(24) и А.П.(21), сите од Прилеп. При претрес во возило „пежо" со прилепски регистарски ознаки, кое го управувал Г.С., а сопатници биле А.М. и А.П., била пронајдена и одземена марихуана. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе бде поднесен соодветен поднесок.

На 14.10.2022 во 19.00 часот од ул„Борка Талески" во Прилеп, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола – ОВР Прилеп го лишиле од слобода Г.Ј.(40) од Скопје. при прегледа во возилото „лежо" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе бде поднесен соодветен поднесок.

На 14.10.2022 во 17.30 часот во Битола, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола го лишиле од слобода Д.К.(21) од Битола затоа што кај него била пронајдена и одземена грутчеста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе бде поднесен соодветен поднесок.

По добиени оперативни информации дека на 14.10.2022 околу 21 часот во трговски центар на бул.„Јане Сандански" има поголема група на малолетници со намера физички да се пресметаат, од страна на полициски службеници од СВР Скопје – ЕВР Аеродром преземени се соодветни мерки и активности, но не дошло до нарушување на јавниот ред и мир. Во врска со настанот, со присуство на родители, во Полициската станица Аеродром бил извршен разговор со тројца малолетници, кои пајсниле дека во трговскиот центар требало да има физичка пресметка помеѓу две групи. Се работи на расчистување на случајот.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (14.10.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 160 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 13 санкции, 10 мерки за непропишо престигнување и обиколување, осум санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), седум мерки за возење под дејство на алкохол. Изречени се пет мерки за користење мобилен телефон при возење, четири санкции за вградени неатестирани фолии (затемнети стакла), четири мерки за некорректне сигурносен појас...

Во текот на изминатата вечер (14/15.10.2022)во периодот од 21.00 до 03.00 часот на територија на СВР Битола спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата констатирано е дека 17 возачи управувале возила под дејство на алкохол. Исто така, санкционирани се и 31 останати прекршоци.

На 14.10.2022 во периодот од 12.00 до 16.00 часот на територија на СВР Битола спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои вршат непропишо престигнување. При контролата констатирани и законски санкционирани се 12 возачи. За време на контролата биле санкционирани и 9 останати прекршоци.
На 14.10.2022 во 13.25 часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека на магистрален пат Кичево-Гостивар, кај с.Колари, кичевско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу товарно возило „ман" со кичевски регистарски ознаки со полуприколка, управувано од Р.Р.(53) од Кичево, патничко возило „бмв" со кичевски регистарски ознаки, управувано од Ш.С.(61) од с.Колари и товарно возило „лежо" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Д.З.(42) од с.Галичани, прилепско. Во несреќата со со тешки телесни повреди се здобиле Е.З.С.(32) и малолетник од с.Колари,сопатници во возилото „бмв", додека со телесни повреди се здобиле возачот Д.І. и Ф.С.(63) и малолетничка од с.Колари, сопатници во возилото „бмв", констатирани во болницата во Кичево. Увид на местото извршила екипа од СВР Охрид.

На 14.10.2022 во 18.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Благоја Стефановски" во Скопје, патничко возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.М.(34) од с.Батинци, скопско, удрило во пешакот П.Б.(62) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка тереза". Увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 14.10.2022 во 18.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул. „Козле" и ул.„Миле Попјорданов" во Скопје, патничко возило „лежо 207" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.А.Б.(40) „дружајна на С.Р.Германија, со привремен престој во Скопје, удрило во пешакот Г.К.(82) од Скопје. Во несреќата Г.К. се здобила со тешки телесни повреди констатирани во Комплексот клиники „Мајка тереза". Увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 14.10.2022 во 16.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, С.К.(56) од Скопје пријавила дека на ул.„Хаџи Јован Шишко" била касната од куче скитник.

На 14.10.2022 во 20.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, А.А.М.(42) од Скопје пријавила дека на ул.„Хаџи Јован Шишко" била касната од куче скитник.

На 14.10.2022 во СВР Битола – Полициско одделение Новаци бил извршен службен разговор со М.К.(19), С.А.(19) и Д.К.(21), сите од Битола. Тие се сомничат дека на 13.10.2022 околу 21.00 часот на место викано „Балдовенци", во круг0т на РЕК-Битола, одделе деловни дел работни машини и дрвени предмети. Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот. По целосно документирање на случајот против лицата ќе бде поднесена соодветна пријава.

Во текот на вчерашната вечер (14./15.10.2022) во периодот од 21.00 до 03.00 часот спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 130 возачи. Од нив 45 на територијата на СВР Скопје, 18 на територија на СВР Струмица, 17 на територија на СВР Битола...

На 14/15.10.2022 во периодот од 21.00 до 03.00 часот, при реализирани акциски сообраќајни контроли во Охрид и Струга, полициските службеници затекнале и санкционирале 4 возачи кои управувале моторно возило под дејство на алкохол (Охрид-02, Струга-02) и 11 возачи кои извршиле престигнување на други моторни возила на места каде тоа е небезбедно и забрането (Охрид-06, Струга-05).

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Н.П.(55) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „угрозување на недвижноста". Тој, во периодот од 2021 и 2022 година, бесправно оградил државно земјиште во охридското село Орман каде посеал јачмен и насад од ореа на вкупна површина од 7,368 метри квадратни. Земјиштето го обработувал без да поседува важечки случен договор за закуп со надлежен државен орган.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против К.А.(55) од струшкото село Октиси поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непоступување според здравствени прописи за врме на епидемија". При контрола, полициските службеници не го пронашле во неговиот дом и констатирале дека тој постапил спротивно на издаденото решение од Државниот санитарен и здравствен инспекторат за зашитта од вирусот Ковид 19.

На 14.10.2022 околу 23.35 часот во СВР Куманово било пријавено дека на крстосница од магистрален пат Куманово – Крива Паланка и пат кој води за С.Младо Нагоричане се случила сообраќајна несреќа меѓу патничко возило „фолксваген голф", управувано од Ј.Б.(56) од с.Младо Нагоричане и товарно возило „ивеко" со приколка, управувано од Ш.Ш.(62) од С.Отиа, липковско. Во општа болница Куманово на Ј.Б. му биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен бил увид на местото од екипа на СВР Куманово.

На 14.10.2022 во 20.17 часот во СВР Битола било пријавено дека на крстосница од ул.„Филип Втори Македонски" и ул.„Благоје Силјановски" во Битола, патничко возило „ладза" со битолски регистарски ознаки, управувано од Б.С.(64) од Битола, удрило во пешакот А.Т.(41) од Битола. Во несреќата, А.Т. се здобила со тешки телесни повреди констатирани во Клиничката болница Битола. Увид извршила екипа од СВР Битола.

На 14.12.2022 во 22.40 часот на бул.„Партизански Одреди" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје затоа што околу 22.20 часот со уште неколку лица физички нападнале двајца малолетници од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе бде поднесен соодветен поднесок.

На 14.10.2022 во 19.45 часот, полициски службеници од Полициската станица Гостивар го лишиле од слобода В.С.(28) од Гостивар затоа што околу 19.35 часот во објект на ул. „Илинденска" физички го нападнал И.В.(43) од Гостивар. По целосно документирање на случајот против него ќе бде поднесен соодветен поднесок.

На 14.10.2022 во 23.50 часот во СВР Тетово, С.А.(19) од Тетово пријавил дека околу 21.30 часот во Тетово, поради нерасчистени должинско-доверителски односи, Л.Б. од Тетово и уште едно лице ми се заканувале со остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.10.2022 во 03.50 часот на ул.„Живко Брајковски" во Гостивар, полициски службеници од Полициската станица Гостивар ги лишиле од слобода Б.С.(26) и А.М.(24), двајцата од Гостивар, затоа што го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка. По целосно документирање на случајот ќе бде поднесен соодветен поднесок.

На 14.10.2022 во 09.30 часот во Полициската станица Неготино било пријавено дека на ул.„Партизанска" во Неготино бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.И.(61) од Неготино и Б.А.(24) од с.Прждево, демиркаписко. Се работи на расчистување на случајот.

На 14.10.2022 во 16.10 часот во ОВР Гевгелија, К.С.(60) од Валандово пријавил дека околу 15.20 часот на излезот од с.Фурка, дојранско, поради недоразбирање се сообраќаат, бил физички нападнат од Д.Т. од с.Фурка. Се работи на расчистување на случајот.

На 14.10.2022 во 19.40 часот во СВР Битола, Е.А.(34) од Битола пријавила дека околу полнок на 11/12.10.2022 била физички нападната од А.Д. од Битола. Се работи на расчистување на случајот.

На 14.10.2022 во 17.50 часот во Полициското одделение Новаци, З.И.(34) од с.Будаково пријавила дека во 10.40 часот во училиштето во кое учел, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се работи на расчистување на случајот.

На 14.10.2022 во 14.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Благој Давков" бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ф.И.(37) и М.Н.И.(42)-женско лице, двајцата од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 14.10.2022 во 13.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Никиштани, скопско, бил нарушен јавниот ред и мир со физички напад извршен од Е.И.(27) од с.Никиштани врз И.А.(52) од с.Никиштани. Се работи на расчистување на случајот.

На 15.10.2022 во 01.30 часот во СВР Скопје, М.Т.(57) од Скопје пријавил дека на 14.10.2022 околу 22.50 часот на ул.„Народен Фронт" во Скопје бил нарушен јавниот ред на едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 15.10.2022 во 03.40 часот во СВР Скопје, Е.П.Д.(42) од Скопје пријавила дека на 14.10.2022 околу 22.20 часот на ул.„Дебарца" нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување нас случајот.

На 14.10.2022 22.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Железничка" во Скопје бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу З.Т.(40) и К.Т.С.(50)- женско лице, двајцата од Скопје, поради нерасчистени должинско-доверителски односи. Против двајцата се поднесени соодветни поднесоци.

На 14.10.2022 во 19.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Ш.Д.(63) од Куманово пријавил дека во 18.45 часот на ул.„Индира Ганди" два лица физички го нападнале и му одзеле пари и мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.10.2022 во 19.11 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на ул. „Методија Митевски" едно лице со закана од вработената одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.10.2022 во 20.38 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на ул. „Кузман Јосифовски Питу" едно лице со закана од вработената одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.10.2022 во 09.40 часот во СВР Кичево, С.Ц.(20) од кичевското село Пополжани пријавила дека на локалот пат во селото била касната од куче скитник.

На 15.10.2022 во 00.10 часот во СВР Велес, Д.А.(26) од Велес пријавила дека на ул. „А.Шурков" во Велес бил каснат од куче скитник.

Сајт на МВР е заштитен со SSL сертификат
Сајтот е изработен согласно стандардите за пристапност за лица со посебни потреби

Сајт изработен од и администриран од МВР и е хостиран во Сојузот на Сајтот е изработен согласно стандардите за пристапност за лица со посебни потреби
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Даме Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет